Согласно член 37 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл. весник на Р.М. бр.13/06, бр.86/08, бр.6/10, бр.42/14, бр. 148/15 и бр.55/16)Општина Гевгелија, (ул. „Димитар Влахов“ бр. 4, Гевгелија, тел. 034/213-899, факс 034/211/211, e-mailkabinet@gevgelija.gov.mk, градоначалник –Сашо Поцков), го подготви следниот

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**(од 1.01.2017до 31.12.2017)**

**1. Податоци за службеното/те лице/а задолжено/и за посредување на информации кај имателите на информации;**

- Ката Ристова, советник за информирање, Одделение за стручно-административни и општи работи при општина Гевгелија;

**2. Број на поднесени барања;**

**- во текот на 2017годинаподнесени се вкупно 25** (дваесет и пет) **барања за слободен пристап до информации од јавен карактер**;

- од нив, 8 (осум) барања се поднесени **од физички лица**, од кои 2 (две) со место на живеење на подрачјето на општина Гевгелија, и 6 (шест) со место на живеење во Скопје, додека 17 (седумнаесет) барања се поднесени **од 12 (дванаесет) правни лица,** од кои 7 (седум) со седиште во Скопје, 3 (три) со седиште во Струмица, и по 1 (едно) со седиште во Кочани и Гевгелија.

- **барањата се однесуваат на:**
- Буџет за 2017 и квартални извештаи за извршување на буџетот на Општина Гевгелија за 2016 година, извештај за работењето на општината, граѓански буџет, извештај од Државен завод за ревизија,
- број на вработени во општината кои имаат директен контакт со граѓаните, услуги кои ги нуди општината, поволности кои општината ги нуди на лица со попреченост, кои податоци во интерес на граѓаните ги обезбедува општината од други институции, број на услуги кои ги нуди општината по електронски пат и број на реализирани услуги по електронски пат,
- буџет на општината 2013, 2014, 2015 и 2016 година и завршна сметка на општината за 2013, 2014, 2015 и 2016 година,
- годишен план за јавни набавки за 2017 година,
- вкупен износ на средства кои општината ги потрошила за рекламирање и јавно информирање во 2016 година, вкупни приходи и расходи на општината за 2016 година,
- завршна сметка за 2013, 2014, 2015 и 2016 година за СОУ Јосиф Јосифовски Гевгелија,
- ЛЕАП на општина Гевгелија,
- склучени договори за јавно-приватно партнерство во периодот 2013-2016 година,
- издадени Б интегрирани еколошки дозволи за индустриски капацитети,
-вкупна вредност на јавните набавки во период од 2013-2016 година,
- финансиски средства (буџетска линија 463) доделени на НВО во период од 2013-2016 година (планирани, исплатени),
- постапката за јавна набавка на Хигиенски средства за потребите на општина Гевгелија, бр. на оглас 12/2017,
- број на вработени во општината во период од 2013 до 2017 година,
- завршна сметка на Буџетот на општината за период 2013-2016 година,

- реализиран буџет согласно завршната сметка за основен и консолидиран буџет за 2013, 2014, 2015, 2016 и 2017 година,
- мерки кои ги превзема општината за намалување на бројот на бездомни животни, дали има регистар на бездомни животни, шинтерска служба, стационар за бездомни животни,
- годишен план и програма за работа на општината за 2011, 2012,2013, 2014, 2015, 2016 и 2017 година, проекти реализирани во 2011, 2012, 2013, 2014, 2015, 2016 и 2017 година, буџет за 2011, 2012, 2013, 2014, 2015, 2016 и 2017 година,
- одобрение за градба,
- копии од документи по кои се книжени промените на сметката за репрезентација на општината за 2012, 2013, 2014, 2015 и 2016 година,
- колку средства се потрошени за репрезентација во 2012, 2013, 2014, 2015 и 2016 година,
- договори склучени за набавка на гориво за службени возила и сервисирање и одржување на службените возила на општината (со кој се склучени, на кој начин и вредност на договорите), за 2012,2013, 2014, 2015 и 2016 година, колку литри гориво има потрошено општината во период од 2012 до 2016 година, кој тип на гориво користи,
- со колку службени возила располага општината и која марка се, во чија сопственост се, дали има правилник за нивно користење, кој врши контрола на нивната употреба и дали се констатирани прекршоци,
-реонизација на зони на општина Гевгелија, просечни цени од м2 на продадено градежно неизградено земјиште за 2015 и 2016 година, просечни цени од м2 на продадено земјоделско земјиште,
- одлука на совет за формирање на локален младински совет, одлука за усвојување на стратегија за млади, одлука за трансфери кон НВО и локален младински совет во 2016 и 2017 година,
- биографии на членовите на Советот на општина Гевгелија.

**3. Број на позитивно одговорени барања;**

- 25 (дваесет и пет) барања

**4. Број на одбиени барања со наведување на причините за секое одбиено барање;**

/

**5. Број на вложени жалби против првостепени одлуки** (решенија и заклучоци) на имателите на информации, со опис на одлуката како и со наведување на причините за донесената одлука во случај на повторно одбивање на бараната информација;

/

**6. Број на усвоени жалби со одлука на Комисијата;**

/

**7. Број на преиначени првостепени одлуки по постапување на Комисијата**

/

**8. Број на одбиени жалби од Комисијата и причини за нивно одбивање;**

/

**9. Број на отфрлени жалби од Комисијата и причини за нивно отфрлање;**

/

**10. Број на случаи на молчење на Комисијата;**

/

**11. Број на барања за поведување прекршочна постапка и поведени прекршочни постапки;**

/

**12. Број и видови на изречени прекршочни санкции;**

/

**13. Број на поведени управни спорови против конечната одлука на Комисијата;**

/

**14. Број и список на донесени судски одлуки** во кои тужбата на барателот во управниот спор е позитивно решена, како и и наведување на причините на кои се темели одлуката на надлежниот суд.

/

Бр. 18-120/1
16.01.2018
Гевгелија

Општина Гевгелија
Градоначалник
**М-р Сашо Поцков ср**